РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 03-306/1
04.03.2026 Год.

Општина
КРУШЕВО

Врз основа на Договорот за спроведување на Општинско корисна работа, склучен помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ) – Центар за вработување Крушево и општина Крушево, во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, активна мерка 7.1 – Општинско корисна работа, Општина Крушево, на ден 05.03.2026 година објавува:

Архивски знак / Shenjë arkivore 0306
Рок на чување / Afati i ruajtjes 10 5дг
___.___. 20___ vit Потпис / Nënshkrim
Крушево / Krushevë

# ЈАВЕН ПОВИК

**до**

**стари и изнемоштени лица за вклучување во**

**програмата Општинско корисна работа**

Се повикуваат сите стари и изнемоштени лица кои живеат сами, односно со својот брачен другар и на кои им е потребна грижа и лица со намален функционален капацитет кои имаат потреба од поддршка, да се вклучат во програмата Општинско корисна работа, проект на општина Крушево „Поддршка на заедницата" како крајни корисници на услугата помош/поддршка во извршување на инструментални активности од секојдневниот живот и тоа:

- поддршка за одржување на хигиена во домот,
- поддршка во подготовка на оброк, набавка на намирници за подготовка на оброк,
- достава на храна,
- поддршка во набавка на лекови, земање на медицинска терапија, закажување термини за прегледич
- поддршка во плаќање на сметки,
- поддршка во извршување на ситни поправки во домот,
- поддршка во надворешна мобилност преку организирање на прошетки, придружување на корисникот на манифестации и културно-спортски настани, болница, амбуланта, клуб, неформално образование и сл. и
- користење телефон и помош во управување со буџет,

со цел унапредување на квалитетот на живот на старите и изнемоштени лица и нивна инклузија.

Корисниците поддржани со Програмата Општинско корисна работа кои ќе бидат избрани, се предвидува горенаведените услуги да ги користат во период од осумнаесет месеци.

За реализација на проектната идеа, ќе бидат ангажирани лица во улога на Асистенти (негуватели) за помош и поддршка на самостојно живеење - помош при извршување на инструментални активности и услугите ќе ги даваат во домашни услови кај старите и изнемоштени лица.

Заинтресираните лица, Пријава/Барање за учество во Програмата Општинско корисна работа можат да поднесат во Општина Крушево, во периодот од 05.03.2026 година до 13.03.2026 година.

Детални информации за Програмата Општинско корисна работа можат да се добијат во општина Крушево кај лицето Елена Илиеска, Општински координатор за Програмата Општинско корисна работа, Агенција за вработување-Центар за вработување Крушево кај лицето Наташа Ѓорѓиоска, Центар за социјлна работа Крушево кај лицето Евгенија Петроска Шекреска.

**ОПШТИНА КРУШЕВО**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**НИКО ЧОНЕСКИ**